Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Комисија за односи со верските заедници
и религиозни групи
Komisioni për Marrëdhënie me Bashkësitë Fetare dhe
Grupet Religjioze
Бр. - Nr 03-381/1
24.06.2026 год. - viti
Скопје / Shkup



Бр. ___________

Скопје, ____ . ____. 2026 година

Врз основа на член член 49 став 2, и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен Весник на Република Македонија" бр. 58 / 00, 44 / 02, 82 / 08, 167 / 10, 51 / 11 и „Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 96 / 19 и 110 / 19) и член 7 од Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на Република Македонија" бр. 82 / 08 ... 193 / 15), Директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи донесе:

# РЕШЕНИЕ

## за определување на лице за ажурирање, архивирање, евидентирање и проследување при постапување по претставки и предлози

1. **СЕ ОВЛАСТУВА** административниот службеник Наташа Ниќифоровиќ, вработена во Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи како Советник за планирање и за други стручни и протоколарни задачи за овластено лице за ажурирање, архивирање, евидентирање и проследување при постапување по претставки и предлози.

2. Во случај на отсуство на административниот службеник од точка 1 од ова Решение се обврзува работните задачи како негов заменик да ги извршува административниот службеник Бесим Мемеди, помлад соработник, вработен во Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи.

3. При ажурирање, архивирање, евидентриање и проследување за постапување по претставки и предлози определените лица се должни да ги почитуваат и применуваат одредбите од Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на Република Македонија" бр. 82 / 08 ... 193 / 15) и

Правилникот за содржината, начинот и формата за водење на евиденција на податоците што се однесуваат на постапување по претставки и предлози како и содржината на извештаите („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 02 / 09).

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**Директор**
**Оливера Трајковска**

**Доставено до:**
- Именуваните
- Архива



Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
+389 2 3226 777
www.kovz.gov.mk

КОВЗРГ

Ул. „Бихаќка“ бр. 2
Палата Емануел Чучков
влез 1 кат 2, 1000 Скопје
Република Северна Македонија